РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 03-433/9
12.02.2022 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 23 седница одржана на 19.10.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Софтверско инженерство и иновации", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер по информатички технологии - софтверско инженерство и иновации /во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of engineering in information technology - software enginering and innovation.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки
Научно – истражувачко поле: 110 Информатика.
Научно – истражувачка област:11000 Информатика, 11001 Теорија на системи и контрола, 11002 Информациони системи и програмирање, 11003 Програмски јазици и системи, 11004 Нумеричка анализа, 11005 Вештачка интелигенција, 11006 Сметачки интегрирани методи и апликации, 11007 Алгоритми, 11008 Оптимизација, 11009 Симулација, 11010 Развивање на софтвер и база на податоци, 11011 Друго.

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 75 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

**О б р а з л о ж е н и е**

По поднесеното барање за усвојување на студиската програма програма „Софтверско инженерство и иновации", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 1822 - 0307/2021 од 28.01.2021 година (наш бр. 08 - 433/1 од 28.01.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 433/6 од 10.11.2021 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 23 - та седница одржана на 19.10.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-433/10
23. 01. 2023 год.-viti
Скопје - Shkup

Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 01-144/1
22.02.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15), Одборот за акредитација на високото образование донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. **СЕ ВРШИ ИСПРАВКА** на Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година, донесена од страна на Одбор за акредитација на високото образование.

2. Во диспозитивот и во образложението на Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година, донесена од страна на Одбор за акредитација на високото образование, **наместо реченицата „прв циклус на академски студии - додипломски студии“, треба да стои реченицата „прв циклус на стручни студии“.**

3. Исправката произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година, донесена од страна на Одбор за акредитација на високото образование.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради технички неправилности при изготвувањето на диспозитивот во точка 1од решението и во образложението на наведеното решение, направена е техничка грешка при пишувањето, па наместо Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје, треба да стои Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС), на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје.

Врз основа на горенаведеното, Одборот за акредитација на високото образование одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение не е дозволена посебна жалба.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-433/11
29.05. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15, Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 29 седница одржана на 12.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се врши исправка во Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) на Самостојна високо стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година, донесено од страна на Одборот за акредитација на високото образование

2. Во насловот на Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) на Самостојна високо стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година, донесено од страна на Одборот за акредитација на високото образование наместо зборовите **прв циклус на академски студии – додипломски студии“** треба да стојат зборовите **„прв циклус на стручни студии“.**

3. Во диспозитивот и во образложението на Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) на Самостојна високо стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со.бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година, донесено од страна на Одборот за акредитација на високото образование, **наместо зборовите “прв циклус на академски студии – додипломски студии“ треба да стојат зборовите „прв циклус на стручни студии“** и во точка 3 наместо зборовите ”**студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер по информатички технологии - софтверско инженерство и иновации /во меѓународен промет академски назив: Bachelor of engineering in information technology - software enginering and innovation**, треба да стојат зборовите “**студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со стручен назив: Инженер по информатички технологии - софтверско инженерство и иновации /во меѓународен промет стручен назив: Bachelor of engineering in information technology - software enginering and innovation”.**

4. Исправката произведува правно дејство од денот од кој produces правно дејство Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) на Самостојна високо стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година и Заклучокот бр.08-433/10 од 03.01.2023 година , донесени од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Одборот за акредитација од страна на Министерството за образование и наука доставено е Мислење бр.14-4666/2 од 25.03.2025 година во кое меѓудругото се истакнува дека е потребно да се направи корекција/исправка со цел користење на терминолгијата “стручни студии со стекнат стручен назив и освоени вкупно 180 ЕКТС кредити” во Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) на Самостојна високо стручна школа Бреинстер Некст Скопје, со бр. 08-433/9 од 12.07.2022 година. Постапувајќи по дописот од Министерството за образование и наука и Барањето од Бреинстер Некст бр.03-227/1 од 17.04.2025 година , Одборот за акредитација констатира технички неправилности во насловот, во диспозитивот во точка 1 од Решението и во образложението на погоренаведеното решение. Имено, направена е техничка грешка при пишувањето, па наместо “Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“, прв циклус на академски студии – додипломски студии (180 ЕКТС) на Самостојна високо стручна школа Бреинстер Некст Скопје”, треба да стои “Решението за акредитација на студиската програма „Софтверско инженерство и иновации“,прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) на Самостојна високо стручна школа Бреинстер Некст Скопје” и во точка 3 наместо зборовите “студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер по информатички технологии - софтверско инженерство и иновации /во меѓународен промет академски назив: Bachelor of engineering in information technology - software enginering and innovation” треба да стојат зборовите “студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со стручен назив: Инженер по информатички технологии - софтверско инженерство и иновации /во меѓународен промет стручен назив: Bachelor of engineering in information technology - software enginering and innovation”.

Врз основа на горенаведеното, Одборот за акредитација на високото образование одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Решението за исправка е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

**Претседател на Одборот за акредитација на високото образование**
**Проф. д-р Марјан Ѓуровски**